# СПЕЦИЈАЛИСТ ЗА ПРОДАЖБА, ПРЕГОВАРАЊЕ И СОРАБОТКА СО АПТЕКИ

**Вега Фармацеутикал Логистикс** е водечка веледрогерија на пазарот и дел од силна регионална групација, која секојдневно ја движи фармацевтската индустрија напред. Зад нашиот успех стои тим од посветени професионалци кои работат со високи стандарди, меѓусебна доверба и заедничка цел – сигурен и ефикасен синџир на снабдување во служба на здравјето.

Создаваме работна средина што поттикнува развој, соработка и преземање одговорност, каде секој придонес има значење. Веруваме дека стабилноста, знаењето и тимската енергија се клучот за долгорочен успех – за нашите партнери, за пациентите и за секој член од нашиот тим.

**Обврски и одговорности:**

- Идентификува и развива можности за зголемување и унапредување на продажбата на доделената територија
- Планира и реализира редовни посети на аптеки со цел градење, одржување и унапредување на долгорочни партнерски односи
- Одговорен/а е за реализација на поставените продажни цели и постигнување на договорените резултати
- Следи, координира и активно учествува во процесот на наплата на побарувањата
- Подготвува редовни извештаи за реализирани активности, врши анализа на пазарот и предлага мерки врз основа на собраните релевантни информации

**Потребни квалификации, вештини и способности:**

- ВСС: Фармацевт, стоматолог или економист
- Искуство во теренска продажба (предност во фармацевтска индустрија)
- Одлично познавање на MS Office
- Возачка дозвола Б категорија
- Одлични комуникациски и преговарачки способности
- Ориентираност кон резултати и проактивен пристап

**Нудиме:**

- Работа во стабилна и водечка компанија на пазарот
- Можности за професионален развој и континуирана обука
- Мотивирачки систем на наградување
- Динамична работна средина

Доколку сакате да бидете дел од тим што поставува стандарди во индустријата, ве покануваме да ја испратите вашата апликација на следната е-маил адреса: personal@vega-group.mk

Рокот за пријавување е 14 дена од датумот на објавување на огласот.
Ќе бидат контактирани само кандидатите кои ќе влезат во потесниот избор.

Сите пристигнати апликации ќе се третираат како строго доверливи.

Пристигантите апликации ќе се чуваат во нашата база на податоци 2 години по истекување на огласот. Согласноста за чување на апликациите може да се повлече и пред истекот на наведениот рок на следната е-маил адреса: personal@vega-group.mk